Службен весник на Република Македонија

Број 164 **22 септември 2015, вторник** **година LXXI**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

СОДРЖИНА

		Стр.
4677.	**Одлука** за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2014 година	2
4678.	**Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Неготино за изградба на станбени објекти, помошни објекти и деловни објекти КО Неготино-Полошко Општина Врапчиште	2
4679.	**Решение** за именување в.д. заменик на директорот на Управата за финансиска полиција	7
4680.	**Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија	7
4681.	**Програма** за изменување на Програмата за рамномерен регионален развој во 2015 година	7
4682.	**Решение** за изменување на Решението за определување на полициски станици за задржување на лица	7
4683.	**Правилник** за дополнување на Правилникот за утврдување на опремата и просториите за вршење на нотарската служба	7
4684.	**Решение** за давање согласност на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево	8
4685.	**Решение** за давање согласност на Статутот на ЈУ Центар за социјална работа Кичево	8
4686.	**Решение** за давање согласност на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино	8
4687.	**Правилник** за формата, содржината и начинот на водење на Регистар на издадени уверенија за положен стручен испит за безбедност при работа	8
4688.	**Правилник** за начинот на бодирање на првиот дел (теоретски дел) и на вториот дел (практичен пример) на стручниот испит за безбедност при работа	10
4689.	**Правилник** за формата и содржината на барањето за потврдување на правниот статус на објектот	10
4690.	**Објава** за стапката на трошоците на живот и платите за месец август 2015 година	12
	Огласен дел	1-68

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

4677.

Врз основа на член 11 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15 и 61/15) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 15.9.2015 година донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УПОТРЕБА НА СРЕДСТВАТА ОСТВАРЕНИ СО РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА ЗА 2014 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2014 година, бр. 02-7553/3 од 10.09.2015 година, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата одржана на 10.09.2015 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-7561/3
15 септември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р

4678.

Врз основа на член 49 став 7 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15 и 98/15), а во врска со член 23 од Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.72/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 15.9.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО НЕГОТИНО ЗА ИЗГРАДБА НА СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ, ПОМОШНИ ОБЈЕКТИ И ДЕЛОВНИ ОБЈЕКТИ КО НЕГОТИНО – ПОЛОШКО ОПШТИНА ВРАПЧИШТЕ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Неготино за изградба на станбени објекти, помошни објекти и деловни објекти КО Неготино-Полошко, општина Врапчиште.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 1209655м2, ги има следните катастарски индикации:

Катастарска парцела бр.	Катастарска општина	Викано место	Катастарска култура	Катастарска класа
3/2	Неготино-Полошко	Кодра	пасиште	7
3	Неготино-Полошко	Кодра	каменјар	0
332/9	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
332/8	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
332/7	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
332/6	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
443/8	Неготино-Полошко	Надри јаз	нива	2
332/5	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
341/5	Неготино-Полошко	Кликово	нива	1
451/6	Неготино-Полошко	Ндр.јаз	нива	2
231/3	Неготино-Полошко	Кликово	нива	1
323/4	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
331/4	Неготино-Полошко	Кликово	ливада	2
332/4	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
333/4	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
341/4	Неготино-Полошко	Кликово	нива	1
434/5	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	1
451/5	Неготино-Полошко	Ндр.јаз	нива	2
455/5	Неготино-Полошко	Идр јаз	нива	2
478/5	Неготино-Полошко	Ливада	нива	2
306/3	Неготино-Полошко	Кликово	нива	3
323/3	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
325/3	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
330/3	Неготино-Полошко	Кликово	ливада	2
331/3	Неготино-Полошко	Кликово	ливада	2
332/3	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
333/3	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
446/4	Неготино-Полошко	Друми јаз	нива	2
451/4	Неготино-Полошко	Ндр.јаз	нива	2
340/3	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
454/4	Неготино-Полошко	Идр јаз	нива	2
341/3	Неготино-Полошко	Кликово	нива	1
455/4	Неготино-Полошко	Идр јаз	нива	2
460/4	Неготино-Полошко	Дурјаз	нива	2
466/4	Неготино-Полошко	Друни јаз	нива	2
477/4	Неготино-Полошко	Ливада	ливада	3
478/4	Неготино-Полошко	Ливаде пјак	нива	2
450/3	Неготино-Полошко	Над јаз	нива	1
451/3	Неготино-Полошко	Ндр.јаз	нива	2
453/3	Неготино-Полошко	Надр јаз	нива	2
454/3	Неготино-Полошко	Идр јаз	нива	2
305/2	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
306/2	Неготино-Полошко	Кликово	нива	3
460/3	Неготино-Полошко	Идри јаз	нива	2
307/2	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
476/3	Неготино-Полошко	Ливаде пјак	нива	2
477/3	Неготино-Полошко	Ливада	ливада	3
478/3	Неготино-Полошко	Ливаде пјак	нива	2
479/3	Неготино-Полошко	Ливаде пјак	ливада	4
323/2	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
325/2	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
328/2	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2

330/2	Неготино-Полошко	Кликово	ливада	2
331/2	Неготино-Полошко	Кликово	ливада	2
332/2	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
333/2	Неготино-Полошко	Клоково	ливада	2
340/2	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
341/2	Неготино-Полошко	Кликово	нива	1
446/2	Неготино-Полошко	Друми јаз	нива	2
451/2	Неготино-Полошко	Нид јаз	нива	2
453/2	Неготино-Полошко	Надр јаз	нива	2
454/2	Неготино-Полошко	Идр јаз	нива	2
455/2	Неготино-Полошко	Идр јаз	нива	2
459/2	Неготино-Полошко	Кодра	ливада	5
461/2	Неготино-Полошко	Друни јаз	нива	2
231/1	Неготино-Полошко	Кликово	нива	1
232	Неготино-Полошко	Кликово	нива	1
232	Неготино-Полошко	Кликово	нива	1
233	Неготино-Полошко	Кликово	ливада	1
233	Неготино-Полошко	Кликово	нива	1
466/2	Неготино-Полошко	Друни јаз	нива	2
234	Неготино-Полошко	Кликово	нива	1
477/2	Неготино-Полошко	Ливада	ливада	3
478/2	Неготино-Полошко	Ливада	нива	2
479/2	Неготино-Полошко	Ливаде пјак	ливада	4
966/4	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	1
992/4	Неготино-Полошко	Бојана	нива	2
305/1	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
306/1	Неготино-Полошко	Клуково	нива	3
307/1	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
318	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
319	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
320	Неготино-Полошко	Кликово	ливада	2
321	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
966/3	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	1
322	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
323/1	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
324	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
325/1	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
1629/5	Неготино-Полошко	Село	пасиште	8
328/1	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
329	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
330/1	Неготино-Полошко	Кликово	ливада	2
992/3	Неготино-Полошко	Бојане	нива	2
331/1	Неготино-Полошко	Кликово	ливада	2
994/3	Неготино-Полошко	Бојана	нива	2
332/1	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
333/1	Неготино-Полошко	Кликово	нива	2
342	Неготино-Полошко	Кликово	нива	1
444	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	1
445	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	1
446	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	2
446/1	Неготино-Полошко	Друни јаз	нива	2
447	Неготино-Полошко	Нур јази	нива	1
448	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	1

449	Неготино-Полошко	Над јаз	нива	1
450	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	1
450/1	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	1
451/1	Неготино-Полошко	Идр јаз	нива	2
452	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	2
453/1	Неготино-Полошко	Надр јаз	нива	2
454/1	Неготино-Полошко	Идр јаз	нива	2
455/1	Неготино-Полошко	Идр јаз	нива	2
457	Неготино-Полошко	Идр јаз	нива	2
458	Неготино-Полошко	Идр јаз	нива	2
459/1	Неготино-Полошко	Кадри	нива	4
460/1	Неготино-Полошко	Дурјаз	нива	2
461/1	Неготино-Полошко	Други јаз	камењар	0
462	Неготино-Полошко	Идр јаз	нива	2
463	Неготино-Полошко	Други јаз	нива	2
463	Неготино-Полошко	Идри јаз	нива	2
464	Неготино-Полошко	Идр јаз	нива	2
465	Неготино-Полошко	Идри јаз	нива	1
465	Неготино-Полошко	Други јаз	нива	1
467	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	2
468	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	2
469	Неготино-Полошко	Бојана	нива	2
470	Неготино-Полошко	Бојане	нива	2
471	Неготино-Полошко	Бојане	ливада	3
472	Неготино-Полошко	Бојане	ливада	3
473	Неготино-Полошко	Бајане	нива	3
473	Неготино-Полошко	Бајане	нива	3
476/1	Неготино-Полошко	Ливаде пјак	нива	4
477/1	Неготино-Полошко	Ливаде	нива	3
478/1	Неготино-Полошко	Ливада	нива	2
479/1	Неготино-Полошко	Ливаде пјак	ливада	4
480	Неготино-Полошко	Ливаде пјак	пасиште	5
481	Неготино-Полошко	Ливаде пјак	нива	3
481	Неготино-Полошко	Ливаде пјак	нива	5
482	Неготино-Полошко	Ливади пјак	нива	3
482	Неготино-Полошко	Ливади пјак	нива	5
966/2	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	1
483	Неготино-Полошко	Ливаде пјак	нива	2
967/2	Неготино-Полошко	Надри јаз	нива	2
484	Неготино-Полошко	Ливаде пјак	нива	2
485	Неготино-Полошко	Ливада пјок	пасиште	2
485/1	Неготино-Полошко	Ливада пјок	пасиште	2
975/2	Неготино-Полошко	Идр јаз	нива	1
489	Неготино-Полошко	Ливада пјак	пасиште	4
983/2	Неготино-Полошко	Над јаз	нива	1
985/2	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	2
989/2	Неготино-Полошко	Бојана	нива	2
990/2	Неготино-Полошко	Бојане	нива	2
992/2	Неготино-Полошко	Бојана	нива	2
993/2	Неготино-Полошко	Бојане	нива	2
994/2	Неготино-Полошко	Бојана	нива	2
911	Неготино-Полошко	Забел	камењар	0
911	Неготино-Полошко	Забел	пасиште	7

942	Неготино-Полошко	Кодра	камењар	0
943	Неготино-Полошко	Кодра	камењар	0
966/1	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	1
967/1	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	2
968	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	1
969	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	1
970	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	1
971	Неготино-Полошко	Идр јаз	нива	1
972	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	1
973	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	1
974	Неготино-Полошко	Идр јаз	нива	1
975/1	Неготино-Полошко	Идр јаз	нива	1
976	Неготино-Полошко	Недри јаз	нива	1
977	Неготино-Полошко	Надри јаз	нива	1
978	Неготино-Полошко	Друни јаз	нива	1
979	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	1
979	Неготино-Полошко	Друни јаз	нива	2
980	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	1
981	Неготино-Полошко	Надри јаз	нива	1
982	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	1
983/1	Неготино-Полошко	Надри јаз	нива	1
984	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	1
985/1	Неготино-Полошко	Надри јаз	нива	2
986	Неготино-Полошко	Ндр јаз	ливада	2
987	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	1
987	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	1
988	Неготино-Полошко	Ндр јаз	нива	1
989/1	Неготино-Полошко	Бојана	нива	2
990/1	Неготино-Полошко	Бојане	нива	2
991	Неготино-Полошко	Бојана	нива	2
992/1	Неготино-Полошко	Бојане	нива	2
993/1	Неготино-Полошко	Бојане	нива	2
995	Неготино-Полошко	Бојана	ливада	2
996	Неготино-Полошко	Бојана	нива	2
997	Неготино-Полошко	Бојана	нива	2
998	Неготино-Полошко	Бојана	нива	2
999	Неготино-Полошко	Бојана	нива	2
999	Неготино-Полошко	Бојане	нива	2
999	Неготино-Полошко	Бојане	нива	2
999	Неготино-Полошко	Бојане	нива	2
1000	Неготино-Полошко	Бојана	нива	2
1001	Неготино-Полошко	Бојана	нива	2
1002	Неготино-Полошко	Бојана	нива	2
1003	Неготино-Полошко	Бојана	нива	2
1004	Неготино-Полошко	Бојана	нива	2
1005	Неготино-Полошко	Бајрама	нива	2
1006	Неготино-Полошко	Бојане	нива	2
1627/1	Неготино-Полошко	Село	камењар	0
Вкупна површина во планскиот опфат				**2472200м^2**

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Ма кедонија”.

Бр. 42-8418/1
15 септември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

4679.

Врз основа на член 9 став 4 и 5 од Закон за Финансиската полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2014, 43/2014 и 33/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 15 септември 2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА УПРАВАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА

1. За вршител на должноста заменик на директорот на Управата за финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии, до изборот на директор по објавен јавен оглас се именува Берат Дехари.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-9784/1
15 септември 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

4680.

Врз основа на член 156 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 160/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015 и 154/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 15 септември 2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

1. Шенаси Алиу се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

2. За член на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, се именува Амир Зилбеари.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-9786/1
15 септември 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

4681.

Врз основа на член 44 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2015 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.155/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 15.9.2015 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ВО 2015 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата за рамномерен регионален развој за 2015 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/14), во член 2 во табелата бр.1 во првиот ред износот „57.666.000,00“ се заменува со износот „87.666.000,00“.

Во точка 2 во подточката 2.1 износот „32.750.200,00“ се заменува со износот „53.750.200,00“.

Во потточката 2.2 износот „9.357.200,00“ се заменува со износот „15.357.200,00“.

Во потточката 2.3 износот „4.678.600,00“ се заменува со износот „7.678.600,00“.

Член 2

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија ".

Бр. 42-9363/1
15 септември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

4682.

Врз основа на член 161 став 4 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/10 и 100/12), министерот за внатрешни работи донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОЛИЦИСКИ СТАНИЦИ ЗА ЗАДРЖУВАЊЕ НА ЛИЦА

I. Во Решението за определување на полициски станици за задржување на лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 163/11) во делот I алинеите 1, 4, 5, 9 и 25 се бришат.

II. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13.1-56545/1
10 септември 2015 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Митко Чавков,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

4683.

Врз основа на член 9 став (2) од Законот за нотаријатот (“Службен весник на Република Македонија” бр.55/07, 86/08, 139/09 и 135/11), министерот за правда донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМАТА И ПРОСТОРИИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА НОТАРСКАТА СЛУЖБА

Член 1

Во Правилникот за утврдување на опремата и просториите за вршење на нотарската служба („Службен весник на Република Македонија" бр.31/08 и 32/08), во член 7 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Нотарската канцеларија има пулт на видно и пристапно место за учесниците во постапката пред нотар, со ознака дека на истиот може да се погледне Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид на податоците од Геодетско-катастарскиот информационен систем од страна на нотарите и телефонски број од Нотарската комора на Република Македонија на кој до Претседателот на Нотарската комора се пријавуваат неправилностите на нотарите во врска со наплатата на надоместокот за издавање на имотен лист пропишан со Тарифникот за висина на надоместокот за користење и увид на податоците од Геодетско-катастарскиот информационен систем."

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 09-3022/2
21 септември 2015 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Аднан Јашари,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

4684.

Врз основа на член 99 став 4 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15 и 150/15), министерот за труд и социјална политика донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ДЕЛЧЕВО

1. Се дава согласност на Статутот на Јавната Установа Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево бр. 01-640/1, донесен од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 13.08.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-7526/2
16 септември 2015 година
Скопје

Министер,
Диме Спасов, с.р.

4685.

Врз основа на член 99 став 4 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15,72/15, 104/15 и 150/15), министерот за труд и социјална политика донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈУ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КИЧЕВО

1. Се дава согласност на Статутот на Јавната Установа Центар за социјална работа Кичево бр. 02-1455/3 донесен од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 3.07.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-7898/2
16 септември 2015 година
Скопје

Министер,
Диме Спасов, с.р.

4686.

Врз основа на член 99 став 4 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14,33/15, 72/15, 104/15 и 150/15), министерот за труд и социјална политика донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА НЕГОТИНО

1. Се дава согласност на Статутот на Јавната Установа Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино бр. 02-241/21, донесен од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 21.08.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-8384/2
18 септември 2015 година
Скопје

Министер,
Диме Спасов, с.р.

4687.

Врз основа на 17-у став (3) од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија” бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15 и 129/15), министерот за труд и социјална политика, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАР НА ИЗДАДЕНИ УВЕРЕНИЈА ЗА ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на Регистар на издадени уверенија за положен стручен испит за безбедност при работа.

Член 2

Регистарот на издадени уверенија за положен стручен испит за безбедност при работа (во натамошниот текст: регистарот) се води во форма на книга со димензии 50 х 30 см на образец, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Книгата е укоричена со корица од тврда хартија во црвена боја. Книгата ја сочинуваат страници кои се нумерирани и сврзани со конец.

Регистарот се заверува на внатрешната страна од задната корица.

Член 3

На предната страна на корицата на книгата, во левиот горен агол, е отпечатен грбот на Република Македонија, под него централно поставено со црни букви: „Република Македонија” и „Министерство за труд и

социјална политика", под него „Државен инспекторат за труд”. Во средината на предната страна на корицата на книгата е отпечатен текст: „РЕГИСТАР НА ИЗДАДЕНИ УВЕРЕНИЈА ЗА ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА”.

Страниците на книгата содржат рубрики, во кои се впишуваат следните податоци:

1. Реден број
2. Регистарски број на уверението,
3. Име и презиме на носителот на уверението,
4. Датум на раѓање,
5. Место на живеење и општина,
6. Стручниот назив од дипломата за завршено образование,
7. Датум на издадено уверение,
8. Датум на одземено уверение и
9. Забелешка.

Секоја страница од регистарот се означува со реден број и страницата 1 се повторува до страница 100.

Член 4

Запишувањето во регистарот се врши најдоцна осум дена од денот на издавање или одземање на уверението за положен стручен испит за безбедност при работа.

Член 5

Запишувањето во регистарот се врши со темно сино мастило.

Во случај на погрешно запишување се врши исправка на тој начин што со црвено мастило преку погрешно запишаниот текст се повлекува тенка линија и над неа се внесува точен текст.

Секое запишување во регистарот се потпишува од страна на службеното лице што го води регистарот, овластено од страна на директорот на Државниот инспекторат за труд.

Секоја исправка која се врши во хартиената форма на регистарот се спроведува и во електронската форма согласно одредбите од член 6 од овој правилник.

Член 6

Регистарот се води и во електронска форма од страна на овластеното лице од директорот на Државниот инспекторат за труд.

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-7218/4
21 септември 2015 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
Диме Спасов, с.р.

Прилог

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД

РЕГИСТАР НА ИЗДАДЕНИ УВЕРЕНИЈА ЗА ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

Реден бр.	Регистарски број на уверението	Име и презиме на носителот на уверението	Датум на раѓање	Место на живеење и општина	Стручниот назив од дипломата за завршено образование	Датум на издадено уверение	Датум на одземено уверение	Забелешка

Страницата 1 се повторува до страница 100

4688.

Врз основа на член 17-к став (3) од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија" бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13,137/13, 164/13, 158/14, 15/15 и 129/15), министерот за труд и социјална политика, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА БОДИРАЊЕ НА ПРВИОТ ДЕЛ (ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ) И НА ВТОРИОТ ДЕЛ (ПРАКТИЧЕН ПРИМЕР) НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на бодирање на првиот дел (теоретски дел) и на вториот дел (практичен пример) на стручниот испит за безбедност при работа.

Член 2

Првиот дел (теоретски дел) од стручниот испит за проверка на теоретското знаење на кандидатите содржи вкупно 50 прашања од областа на безбедност при работа.

Одговорот на прашањето се бодира на следниов начин:
- точната опција со 3 бода,
- двете сличните опции со 1 бод,
- неточната опција во мал обем со – 0,5 бода, и
- неточната опција во голем обем со - 2 бода.

Првиот дел (теоретски дел) од стручниот испит е положен со освоени најмалку 105 бода.

Член 3

Вториот дел (практичен пример) од стручниот испит се полага по успешното полагање на првиот дел (теоретски дел) од стручниот испит, а се состои од одговарање на прашања од еден практичен пример (студија на случај) за примена на стручното знаење.

За практичниот пример (студија на случај), кандидатот одговара на три прашања кои имаат десет можни опции на одговори, при што една опција е точна, пет опции се слични и четири опции се различни.

Одговорот се бодира на следниов начин:
- точната опција со 10 бода,
- сличните опции со 5 бода,
- различните опции со 0 бодови.

Вториот дел (практичен пример) од стручниот испит е положен со освоени најмалку 21 бода.

Член 4

Стручниот испит за безбедност при работа е положен со освојување на потребните бодови од првиот (теоретски дел) и вториот (практичен пример) од испитот од член 2 став 3 и член 3 став 4 од овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-7218/5
21 септември 2015 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
Диме Спасов, с.р.

ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

4689.

Врз основа на член 34-б став (7) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр.14/07, 103/08, 130/08, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15 и 129/15), директорот на Дирекција за технолошки индустриски развојни зони, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ПРАВНИОТ СТАТУС НА ОБЈЕКТОТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за потврдување на правниот статус на објектот.

Член 2

Барањето за потврдување на правниот статус на објектот се поднесува на образец: "Барање за потврдување на правниот статус на објектот" во формат А4 во бела боја.

Формата и содржината на образецот на барањето од став 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 03-1374/4
21 септември 2015 година
Скопје

Дирекција за технолошки индустриски
развојни зони,
Директор,
Виктор Мизо, с.р.

П р и л о г

ДО

ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Б А Р А Њ Е

за потврдување на правниот статус на објектот

Податоци за подносителот на барањето.

Назив на правното лице
_____
Седиште на правно лице
_____

ЕМБС _____

Лице за контакт_____ тел._____

Барањето за потврдување на правниот статус на објектот се поднесува согласно член 34 –б став (1) од Закон за технолошки индустриски развојни зони за објект _____

_____ (вид на објект како кој не е потврден правниот статус) кој е изграден на земјиште во блок _____, градежна парцела ___.___, со површина од _____ $м^2$ во технолошко индустриска развојна зона _____.

Земјиштето на кое е изграден објектот е евидентирано во Имотен лист бр._____ и истото е во сопственост на _____ со право на долготрен закуп на _____

_____.

Објектот за кој се бара потврдување на правниот статус е изграден во рамките на технолошко индустриската развојна зона _____, истиот претставува градежна и функционална целина и може да се употребува.

Б А Р А Т Е Л

_____ _____

Д а т у м и м е с т о (потпис и печат)

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

4690.

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13 и 139/14), Министерството за труд и социјална политика

О Б Ј А В У В А

1. Стапката на трошоците на живот за месец август 2015 година, во однос на месец јули 2015 година, изнесува 100.

2. Исплатата на платите за месец август 2015 година, во однос на месец јули 2015 година, работодавачите од членот 3 став 1 од Законот за исплата на платите во Република Македонија, ја вршат на нивото на правото утврдено за претходниот месец.

Министер,
Диме Спасов, с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје
бул. „Партизански одреди” бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2015 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2015164